Методија СОКОЛОСКИ

# ОСВРТ НА ЕТНИЧКИОТ СОСТАВ НА ГРАДСКОТО И СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## ВО XV И XVI ВЕК

Овој осврт за составот на градското и селското население во Македонија во текот на XV и XVI век го даваме врз основа на османско-турски изворни податоци црпени од опширните пописни дефтери (Tahrir defterleri) што се чуваат во Архивот на претседателството на владата (Başbalkanlik Arşivi) на република Турција во Инстанбул како и во Главната катастарска управа (Tapu ve Kadastro umum műdűrlűgű) во Анкара.

Воведувањето во османската држава на военииот феудален систем познат во историјата како тимарско-спахиски систем, нужно налагал да се има целосен увид во бројот на семејствата т.е. на старешините на семејствата (брачните заедници), на вдовиците, како и на нежeнетите, а работоспособни, наречени муджерреди, во сите населени места. Исто така се налагало да се има увид и во сите земјоделски производи (разни видови зрнести, градинарски и индустриски култури), потоа увид во производството од лозарството, како и за разни такси, даноци и слично, што им следеле како давачки во вид на натурална или парична рента на непосредните феудални господари согласно постојните прописи.

Значи, во опширните пописни дефтери се дадени пописи по име и презиме на целокупното население по градовите и селата, групирани според верската припадност. — Муслимани, Христијани т.е. неверници (гебран), Евреи и Роми. Доколку лицето вршело некаков занает или служба, покрај името во дефтерот се означувал видот на службата, функцијата или занаетот.

По пописот на населението во населбата се регистрираат сите видови натурални и парични давачки што тоа население било должно да му ги дава секоја година на непосредниот феудален господар, било да е тоа притежател на хас, зеамет или или тимар. Ушурот (десетокот) од жита е регистриран количински, изразен со бројот на товари или „киле“, како и паричната вредност на таа количина. На крајот се сумирани сите давачки изразени парично.

Пописите се вршени по санџаци, односно нахии. (Санџак е административно-територијална единица составена од повеќе нахии). Овие пописни дефтери се драгоцен материјал за следење на развојниот пат на составот на населението по сите градови и села, за проблеми од областа на стопанството, од областа на етнологијата, топонимијата, ономастиката, географијата, занаетчиството, за појавата на нова етапа во османскиот феудален систем — чифлигарството и друго.

Пописни дефтери од XV век за 16 нахии се преведени и објавени во 4 тома од Архивот на Македонија. Од XVI век се објавени два тома, во кои се опфатени 11 нахии во источна Македонија, а спаѓале во Кустендилскиот санџак.

## Колонизација на Турци Османлии во Македонија

Проучувајќи ги податоците од пописните дефтери за XV век можеше да се констатира дека непосредно по освојувањето на Македонија отпочнала и колонизација на Турци-османлии, особено во најважните градови, како и создавање на некои нови населби населени само со Турци-муслимани.

Така, на пример, според еден попис од околу 1454 година во градот Скопје се регистрирани 516 муслимански семејства а бројот на христијанските, односно македонските, изнесува 339, што значи дека бројот на муслиманските е поголем за 177 семејства од македонските. Според еден попис од 1468 година во градот Битола се регистрирани 295 муслимански, а 175 македонски семејства или 120 повеќе муслимански семејства.

Во 1478 година во градот Серез се регистрирани 538 муслимански, а 346 македонски, што значи дека бројот на муслиманските семејства е поголем за 192 од македонските. Во текот на XV век овие три града се единствени во цела Македонија во кои муслиманскиот елемент преовладува над македонскиот.

Ако треба да се бара одговор или објаснување зошто токму во овие градови муслиманскиот елемент преовладува над македонскиот, тој може да се најде во нивната извонредно важна економска, трговска, комуникативна и стратешка важност и местоположба.

Во историјата се добро познати освојувачките цели на Отоманската империја во прв ред на Балканот, а потоа и во Европа. Ете зошто османските власти уште со самото освојување на горепприведените градови настојувале да ги создадат сите услови за натамошна експанзија кон внатрешноста на Балканот. Непосредно по заземањето на овие градови следи колонизирањето во нив на административно техничкиот апарат, на апаратот за безбедност, на разните финансиски, просветни и верски службеници, како и на лицата со разни воени или полувоени

задолженија какви што биле акинџиите, ешкинџиите, муселимите и други.

Од самите податоци е евидентно дека помеѓу преселниците и колонизираните Турци е мошне голем бројот на занаетчиите што изнесува околу 40% од вкупниот број на регистрираните муслимани во градот Скопје, а 50% во градот Битола. Треба да се има предвид дека добар дел од занаетчиите биле должни со произведените предмети да ја снабдуваат војската и затоа биле ослободувани од разни државни даноци.

Во 1478 година во градот Солун се регистрирани 837 муслимански семејства, додека бројот на христијанските изнесува 1047. Градот Солун е заземен од османлиите дури во 1430 година. Бројот на колонизираните муслимани во овој град е разбирлив ако се има предвид дека Солун е најважен трговски, сообраќаен и стопански центар не само во Македонија, туку и за целиот Балкан.

За XV век располагаме со податоци уште за 12 градови (Тетово, Кичево, Прилеп, Велес, Лерин, Костур, Неврокоп, Демир Хисар, Драма, Зихна и Кавала). Меѓутоа, во сите овие градови во интервалот помеѓу 1450 и 1481 година бројот на сите регистрирани муслимани во нив изнесува 403 семејства или во просек во секој град по 33 мулсимани, додека бројот на христијаните во нив е 3.605 семејства. А сега да фрлиме еден поглед врз колонизацијата на Турци османлии по селата во Македонија во текот на XV век т.е. од 1445 до 1468 година, за оние подрачја т.е. за 18 нахии за кои располагаме со пописни дефтери од XV век. Села со чисто муслиманско население среќаваме само во 7 нахии од вкупно 18 и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Во Скопската | нахија | 16 | села со | 172 | регистрирани | муслимани | |
| 2. Во Леринската | „ | 16 | „ | 295 | „ | „ | (од кои 30 јуруци) |
| 3. Во Велешката | „ | 5 | „ | 75 | „ | „ | (од кои 31 јурук) |
| 4. Во Прилепската | „ | 7 | „ | 100 | „ | „ | (во 2 с. 60 јуруци) |
| 5. Во Битолската | „ | 4 | „ | 98 | „ | „ | |
| 6. Во Серската | „ | 2 | „ | 39 | „ | „ | |
| 7. Во Демир Хисар | „ | 1 | „ | 17 | „ | „ | |

Вкупно 51 село со 176 муслимански семејства

Во текот на XV век има доста подрачја или нахии каде по селата нема регистрирано ниеден муслиман. Таков е случајот, на пример, со селата во нахиите: Кичевската, Тетовската, Горни Дебар, Река, Долни Дебар, Костурската, Неврокопската, и Мариовската. Во останатите нахии има регистрирано само по неколку муслимани.

Следејќи го составот на населението по градовите на Македонија во текот на XV и XVI век можевме да конституираме дека муслиманскиот елемент е во постојанен пораст скоро во

сите градови, додека христијанското, односно македонското население од околу 1480 година па натаму сè до околу 1570 година е во постојано опаѓање. Само во 3—4 града, како што се Велес и Прилеп, има стагнација или минимален пораст на христијанското население за временски период од 100 години. Еве некои конкретни примери за илустрација.

| Ред. бр. | Назив на градот | Според пописот од година | Бројот на: — Христијански семејства | Муслимански семојства | Еврејски семејства | Роми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1453 | 339 | 516 | — | — |
| | | 1468 | 364 | 666 | — | — |
| 1. | СКОПЈЕ | 1528 | 227 | 644 | 12 | — |
| | | 1545 | 224 | 1.067 | 32 | — |
| | | 1569 | 511 | 1.559 | 53 | — |
| | | 1445 | 904 | 22 | 88 | — |
| 2. | КОСТУР | 1530 | 860 | 57 | 22 | — |
| | | 1545 | 666 | 83 | 10 | — |
| | | 1569 | 664 | 132 | 8 | — |
| | | 1481 | 199 | 40 | — | |
| 3. | ЛЕРИН | 1545 | 172 | 79 | — | |
| | | 1569 | 26 | 186 | | |
| | | 1468 | 175 | 295 | — | — |
| | | 1481 | 222 | 398 | — | — |
| 4. | БИТОЛА | 1528 | 198 | 627 | 48 | 19 |
| | | 1545 | 185 | 387 | 60 | 16 |
| | | 1569 | 135 | 618 | 285 | 51 |
| 5. | СОЛУН | 1478 | 1269 | 837 | — | — |
| | | 1569 | 504 | 1.212 | .3.126 | 41 |
| | | 1512 | 496 | 208 | — | — |
| 6. | СТРУМИЦА | 1519 | 294 | 266 | — | — |
| | | 1572 | 260 | 447 | 3 | 13 |
| | | 1512 | 313 | 143 | 38 | — |
| 7. | ШТИП | 1519 | 363 | 201 | 15 | — |
| | | 1573 | 295 | 449 | 28 | — |
| | | 1443 | 167 | 13 | — | — |
| | | 1468 | 173 | 31 | — | — |
| | | 1481 | 190 | 45 | | |
| 8. | КИЧЕВО | 1519 | 145 | 77 | | |
| | | 1528 | 96 | 71 | | |
| | | 1545 | 39 | 50 | | |
| | | 1569 | 42 | 80 | | |

Од наведените примери е евидентно движењето на составот на христијанското и муслиманското население по градовите за временски период од преку 100 години. Така на пример во градот Скопје од 1453 до 1545 година бројот на христијанските семејства од 339 во 1453 се сведува на 224 во 1545 година, додека бројот на муслиманските од 516 се зголемува на 1067 во 1545 година, за да се покачи во 1569 година на 1.559 семејства, што значи зголемување на 300%. Во 1569 година се забележува извесен пораст и кај христијанските семејства. Во градот Кичево бројот на христијанските семејства околу 1443 е 167, во 1481 се покачува на 190, за да се сведе во 1569 година на 42 семејства, додека бројот на муслиманските од 13 во 1443 година се зголемува на 80 во 1569. Во градот Лерин бројот на христијанските семејства од 199 во 1481 се сведува само на 24 во 1568 година, додека бројот на муслиманските семејства од 40 во 1481 се зголемува на 186 во 1569. Во градот Солун во 1478 година се регистрирани 1.269 христијански семејства, а во 1569 година нивниот број е 504, што значи смалување или опаѓање на христијанското население скоро за три пати. Што се однесува до муслиманскиот елемент нивниот број од 837 семејства во 1478 година се покачува на 1.212 во 1569 година. Покрај христијаните и муслиманите во градот Солун во 1569 година се регистрирани 3.126 еврејски семејства како и 41 семејство на Роми. Еврејскиот елемент во градот Солун во втората половина на XVI век е скоро два пати поголем од збирот на христијанскиот и муслиманскиот елемент. Може слободно да се каже дека градот Солун во текот на XVI век е „град на Евреи“.

Во приведените примери за илустрација ние можевме да видиме дека покрај Македонците и муслиманите во одделни градови се среќаваат уште Евреи и Роми. Најголем е бројот на Евреите во Солун а потоа во Битола. Во градот Битола, Скопје и уште во некои други градови во Македонија Евреи за првпат се среќаваат во првите децении од XVI век. Единствен град каде што се регистрирани Евреи во текот на XV век и тоа околу 1445 година, е градот Костур, чијшто број изнесува 88 семејства, за да се сменува постојано во текот на XVI век тој број како што се гледа од самата табела. За разлика од Костур во градот Битола каде Евреи се среќаваат за првпат во пописниот девтер од 1528 година, во наредните дефтери тој број постојано се зголемува така што во 1569 година ја достигна бројката од 285 еврејски семејства, а тоа значи повеќе од два пати од македонските семејства чијшто број тогаш изнесува 135.

Во текот на XVI век Евреи се среќаваат уште и во градовите: Сер, Кавала, Бер, Штип, Кратово, Драма и Струмица во кои бројот на семејствата се движи од 3 до 66 најмногу. Во XVI век Евреи се регистрирани во 13 градови во Македонија.

Што се однесува до Ромите нив ги среќаваме во текот на XVI век и тоа само по градовите како и Евреите. Најголем број

Роми се регистрирани во градот Мелник и тоа во 1519 година ги има 119 семејства, а во 1569 година 87. Потоа следи градот Бер каде од 37 семејства во 1519 година се покачува на 42 во 1569 година; во градот Битола од 19 во 1528 се зголемува на 51 семејство, во градот Скопје во истиот интервал бројот на семејствата на Ромите се покачува од 12 на 53, а во градот Солун во 1569 година се регистрирани 54 Роми. Роми се среќаваат во 9 градови т.е. покрај гореприведените уште и во Петрич, Струмица, Штип и Серфиџе.

Сега да го проследиме составот на селското население во 26 нахии.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за составот на селското население во 26 нахии во Македонија во XVI век

| Назив на нахијата | Година на пописот | Број на: Муслимански семејства | Христијански семејства | Вкупно семејства |
|---|---|---|---|---|
| 1. СКОПСКА | 1569 | 1.101 | 6.153 | 7.254 |
| 2. ТЕТОВСКА | 1569 | 384 | 3.971 | 4.355 |
| 3. КИЧЕВСКА | 1569 | 99 | 3.961 | 4.060 |
| 4. ПРИЛЕПСКА | 1569 | 585 | 3.015 | 3.600 |
| 5. БИТОЛСКА | 1569 | 561 | 5.686 | 6.247 |
| 6. ЛЕРИНСКА | 1569 | 2.188 | 7.538 | 9.726 |
| 7. КОСТУРСКА | 1569 | 340 | 4.022 | 4.362 |
| 8. БЕРСКА | 1569 | 194 | 5.024 | 5.218 |
| 9. Е. ВАРДАРСКА | 1569 | 847 | 6.025 | 6.872 |
| 10. СЕРФИЏЕ | 1569 | 1.191 | 3.456 | 4.647 |
| 11. СОЛУНСКА | 1569 | 481 | 3.493 | 3.974 |
| 12. ШТИПСКА | 1570/3 | 1.221 | 5.659 | 6.880 |
| 13. СТРУМИЧКА | 1570/3 | 1.127 | 5.716 | 6.843 |
| 14. ПЕТРИЧКА | 1570/3 | 183 | 3.371 | 3.554 |
| 15. КУМАНОВСКА | 1570/3 | 599 | 5.076 | 5.675 |
| 16. ТИКВЕШКА | 1570/3 | 363 | 4.576 | 4.939 |
| 17. ОХРИДСКА | 1583 | 311 | 2.889 | 3.200 |
| 18. ПРЕСПАНСКА | 1583 | 89 | 1.344 | 1.433 |
| 19. ДЕБАРЦА | 1583 | 24 | 978 | 1.002 |
| 20. РЕКА | 1583 | 193 | 1.160 | 1.353 |
| 21. ЖУПА | 1583 | 93 | 629 | 721 |
| 22. ГОРНИ ДЕБАР | 1583 | 240 | 1.160 | 1.400 |
| 23. ДОЛНИ ДЕБАР | 1583 | 844 | 1.227 | 2.071 |
| 24. ВЕЛЕШКА | 1545 | 361 | 7.472 | 7.833 |
| 25. БИХЛИШТА | 1545 | 625 | 3.996 | 4.621 |
| 26. ХРУПИШТА | 1545 | 481 | 3.493 | 3.974 |
| | Вкупно | 14.725 | 101.089 | 115.814 |

Во сите 26 нахии во интервалот помеѓу 1545 и 1583 година има вкупно 323 населби со чисто муслиманско население во кои се регистрирани 6.288 муслимански семејства. Бројот на селата со мешано население е 1.124 во кои се регистрирани 8437 муслимани. Според тоа во вкупниот број на муслиманските семејства во сите 26 нахии во интервалот помеѓу 1545 и 1583 година изнесува 14.725, а на христијаните 101.089 или вкупно семејства 115.814. Ако во просек едно семејство имало 5 членови во тој случај вкупниот број на населението во 26-те нахии би бил 579.070 жители од кои 73.625 муслимани, а другите 505.445 христијани-Македонци. Најголем број муслимански семејства се среќаваат во Леринско 2.188; Штипско 1.221; Струмичко 1.127; Серфиџе 1.191; Скопско 1.101. Меѓутоа помеѓу муслиманите во Леринско има 891 јурук; во Штипско 608 јуручки семејства; во Серфиџе околу 900 јуруци итн., значи поголемиот број на муслимански семејства во тие нахии се должи на масовната колонизација во тие нахии на муслимани — јуруци.

## Исламизација на Христијаните

Следејќи го развојниот пат на градското население во текот на XV и XVI век ние констатиравме една на прв поглед, нелогична појава т.е. муслиманското население е во постојанен пораст, а македонското во опаѓање. Бидејќи навистина е нелогично припадници на една религија како што е муслиманската да бидат во растеж, а другите припадници на христијанството во опаѓање, а живеат во исти населби, тогаш се постави прашање да се бараат причините за таа и таква ненормална и нелогична појава во градовите.

Се пристапи кон проучувањето на податоците кои се однесуваат на исламизираните христијани. Имено, во пописните дефтери во најголем број случаи кај исламизираните христијани за презиме е ставено „Бин Абдулах“ што би значело „син на роб божји“, а во некои случаи особено во пописите на нахиите што спаѓале во Охридскиот санџак, каде што како презиме кај исламизираните христијани е внесувано името на таткото христијанин, додека поранешното христијанско лично име е заменето со муслиманско и така во пописите, на пример, стои Хасан син на Тодор или Ахмед син на Димитри. За оние каде како презиме е ставено „бин Абдулах“, ќе имаме вакви случаи: Мехмед бин Абдулах; Мустафа бин Абдулах итн.

Проследени се пописите за сите нахии од XV и XVI век за кои располагаме со опширни пописни дефтери и дојдовме до констатација дека исламизиацијата до 1480 година е сосема незначителна како по градовите така и по селата. Масовната исламизација почнува некаде во првите децении од XVI век за да земе широки размери во втората половина од XVI век.

Така на пример, во подрачјата на Серско, еНврокопско, Демир Хисарско и Зихна, само во градовите околу 1465 година се регистрирани 629 муслимани и од нив само еден е исламизиран христијанин. По селата на тие подрачја се регистрирани 344 муслимани, од кои само 8 лица се конвертити (исламизирани христијани). Во 1467 година во нахиите Долни Дебар, Горни Дебар и Река се регистрирани 139 населби. Меѓутоа, во сите тие населби нема регистрирано ниеден муслиман т.е. целото население е христијанско т.е. македонско.

Во пописните дефтери од 1467/8 во кои се опфатени пописите на градовите и селата во Скопско, Тетовско, Кичевско, Велешко, Прилепско, Битолско и Костурско, само по градовите се геристрирани вкупно 1.088 муслимани од кои 12 се конвертити. Така на пример, во градовите Велес и Костур нема ниеден конвертит помеѓу регистрираните муслимани. Во Прилеп и Кичево има само по 1 конвертит; во Скопје и Тетово има по тројца конвертити, а во Битола четворица. По селата на тие подрачја ја имаме следната положба: Во селата на скопското подрачје од 229 муслимани само 14 се конвертити; во Битолско од 93 муслимани 5-мина се конвертити; во Велешко од 137 регистрирани муслимани 6-мина се конвертити; во Прилепско помеѓу 67 муслимани нема ниеден конвертит. Што се однесува до подрачјето на Кичевската нахија по ова време е регистриран само еден единствен муслиман по селата т.е. само во селото Градешница, и тој е конвертит.

Следејќи ја исламизацијата во текот на XVI век според пописните дефтери од 1519, 1528, 1545, 1568, 1570 и 1583 година за разни подрачја во Македонија можевме да констатираме дека масовната исламизација како по градовите така и по селата почнува во време на владеењето на Султан Сулејман Величествени (1520—1566).

Во продолжение ќе се задржиме на податоците за исламизираните од пописните дефтери од 1568 до 1583 година и тоа за 33 нахии во Македонија, а тоа значи скоро за цела Македонија со исклучок само на 3—4 нахии.

Исламизацијата како по градовите така и по селата во нахиите најарно ќе се согледа во следниот табеларен преглед, во кој е прикажан бројот на регистрираните муслимани во самите градови со означување на бројот на конвертитите т.е. лица што се исламизирани христијани. Во посебна графа е даден бројот на регистрираните муслимани по селата во секоја нахија со означување на бројот од нив што се конвертити. Во табелата е дадена и годината на пописот на нахијата т.е. од реден број 1 до 16 пописот на нахиите е од 1568/9 година, од 17 до 26 е од 1570 и од 26 до 33 е од 1583 година.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за исламизираните муслимани по градовите и селата во 33 нахии во Македонија од 1568 до 1583 година

### ПОДАТОЦИ СПОРЕД ПОПИСОТ ОД 1569 ГОДИНА

| Ред. бр. | Назив на нахијата | МУСЛИМАНСКИ СЕМЕЈСТВА: Во градот | Од нив исламизирани | Во селата | Од нив исламизирани | ВКУПНО Муслимани | Од нив исламизирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СКОПСКА | 1551 | 701 | 1.001 | 172 | 2.552 | 873 |
| 2. | ТЕТОВСКА | 330 | 184 | 384 | 107 | 714 | 291 |
| 3. | КИЧЕВСКА | 80 | 14 | 99 | 29 | 179 | 43 |
| 4. | ПРИЛЕПСКА | 282 | 126 | 585 | 52 | 867 | 178 |
| 5. | БИТОЛСКА | 608 | 248 | 561 | 56 | 1.169 | 304 |
| 6. | ЛЕРИНСКА | 182 | 55 | 2.188 | 179 | 2.370 | 234 |
| 7. | КОСТУРСКА | 142 | 42 | 340 | 76 | 482 | 118 |
| 8. | БЕРСКА | 384 | 143 | 194 | 30 | 578 | 173 |
| 9. | Е. ВАРДАРСКА | 529 | 165 | 847 | 113 | 1.376 | 278 |
| 10. | СЕРФИЦЕ | 87 | 17 | 1.191 | 67 | 1.278 | 84 |
| 11. | СОЛУНСКА | 1.212 | 468 | 481 | 81 | 1.693 | 549 |
| 12. | Д. ХИСАРСКА | 26 | 16 | 611 | 105 | 637 | 121 |
| 13. | НЕВРОКОПСКА | 304 | 63 | 1.725 | 422 | 2.029 | 485 |
| 14. | СЕРСКА | 824 | 318 | 351 | 65 | 1.175 | 383 |
| 15. | ДРАМА | 205 | 45 | 2.019 | 150 | 2.224 | 195 |
| 16. | КАВАЛА | 181 | 47 | 770 | 104 | 951 | 151 |
| | СПОРЕД ПОПИСОТ ВО 1570 година | | | | | | |
| 17. | ШТИПСКА | 449 | 105 | 1.181 | 135 | 1.630 | 240 |
| 18. | СТРУМИЧКА | 442 | 135 | 705 | 99 | 1.147 | 234 |
| 19. | ПЕТРИЧКА | 125 | 26 | 184 | 33 | 309 | 59 |
| 20. | ДОЈРАНСКА | 81 | 27 | 266 | 22 | 347 | 49 |
| | СПОРЕД ПОПИСОТ ВО 1583 ГОДИНА | | | | | | |
| 21. | МАЛЕШЕВСКА | 9 | 4 | 32 | 10 | 41 | 14 |
| 22. | КОЧАНСКА | 2 | — | 326 | 41 | 328 | 41 |
| 23. | ВАЛАНДОВСКА | 97 | 13 | 117 | 7 | 214 | 20 |
| 24. | КУМАНОВСКА | 52 | 14 | 555 | 61 | 607 | 75 |
| 25. | КРАТОВСКА | 303 | 74 | 80 | 13 | 383 | 87 |
| 26. | ТИКВЕШКА | — | — | 363 | 70 | 363 | 70 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27. ОХРИДСКА | 270 | 56 | 311 | 67 | 581 | 123 |
| 28. ПРЕСПАНСКА | — | — | 89 | 7 | 89 | 7 |
| 29. ГОРНИ ДЕБАР | 167 | 15 | 240 | 62 | 407 | 77 |
| 30. ДОЛНИ ДЕБАР | — | — | 844 | 555 | 844 | 555 |
| 31. РЕКА | — | — | 193 | 94 | 193 | 94 |
| 32. ЖУПА | — | — | 93 | 10 | 93 | 10 |
| 33. ДЕБАРЦА | — | — | 24 | 8 | 24 | 8 |
| ВКУПНО | 8.924 | .3.121 | 18.950 | 3.102 | 27.874 | 6.223 |

Од самата табела е евидентно дека во втората половина од XVI век т.е. во интервалот помеѓу 1568 и 1583 година само по градовите во 33 нахии во Македонија, а нив ги има 27, се регистрирани вкупно 8.924 муслимански семејства. Од сите нив 3.121 семејство се конвертити (исламизирани христијани) што претставува 35% од вкупниот број на регистрираните муслимани. Во селата на сите 33 нахии се регистрирани 18.950 муслимански семејства од кои 3.102 се конвертити, што претставува 17%. Вкупниот број на регистрираните муслимански семејства во градовите и селата во сите 33 нахии во Македонија изнесува 27.874, од кои 6.223 се конвертити или во просек 22,3%.

Во втората половина од XVI век покрај градовите Скопје, Серез и Битола муслиманскиот елемент преовладува над христијанскиот уште во 13 други поголеми градови. Меѓутоа, во овие 13 градови преовладувањето на муслиманскиот елемент не е како последица на колонизација на Турци-муслимани, како што беше во XV век со градовите Скопје, Серез и Битола, ами е како последица на масовната исламизација на христијанскиот елемент. Според тоа причина за постојано смалување на христијанскиот елемент. Според тоа причина за постојано смалување на христијанскиот елемент по градовите во текот на XVI век е исламизацијата.

Од табелата се гледа дека во 1568/9 година во градот Скопје од вкупно регистрирани 1551 муслимани, 701 се конвертити или 45%. Во градот Тетово од 330 муслимани 184 се конвертити или околу 56%. Во градот Битола од 608 муслимани, 248 се конвертити или 40% итн.

Што се однесува до селата, најголем број конвертити во 1583 година се среќаваат во селата на нахијата Долни Дебар, каде од 844 регистрирани муслимани 555 се конвртити или околу 65% од вкупниот број на муслиманите по селата во таа нахија. Во селата на нахијата Река од вкупно 193 регистрирани муслимани, 94 од нив се конвертити или околу 48% итн.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека во пописните дефтери е опфатена само една генерација или колено. Ако, на пример, заедно со таткото се исламизирале и неговите полнолетни синови, ние не сме во состојба нив да ги откриеме како исламизирани, бидејќи во пописниот дефтер се внесува личното име (а тоа е веќе муслиманското), како и името на таткото кое е исто така муслиманско. Значи исламизираните полнолетни синови што подлежеле на попис во никој случај не можат да се откријат како конвертити. Доколку исламизираниот татко по време на пописот имал неполнолетни синови, кои не подлежеле на попис, во наредниот попис тие ќе имаат и ќе бидат регистрирани со муслиманско лично име и муслиманско презиме, што значи дека не можат да се откријат како конвертити.

Од гореизложеното може да се констатира дека бројот на исламизираните како по градовите така и по селата бил многу поголем од оној што ние го констатиравме врз основа на податоците од самите пописни дефтери.

Би требало да се каже некој збор и за причините за исламизацијата на христијаните. Ние веќе нагласивме и со конкретни податоци видовме дека исламизацијата се јавува како масовна појава особено во текот на втората половина од XVI век. Тој период од Османската империја се карактеризира со следните работи:

1. Претрпување порази на бојните полиња, со неуспесите при опсадата на Беч, пораз кај Лепанта, со Австроунгарија и други.
2. Со поразите на бојните полиња Отоманската империја материјално се исцрпува и финансиски запаѓа во тешка криза, така што расходите неколкукратно се поголеми од приходите.
3. Спахиите-тимариоти кои ја претставуваа ударната сила на османската армија почнаа да дезертираат и да откажуваат послушност во масовни размери, поради што султанскиот двор постојано испраќа заканувачки наредби до кадиите на теренот во кои е изрично нагласувано дека оние спахии што не ќе се отповикаат на мобилизацијата треба да бидат фатени и обесени пред нивните порти за да служат како пример на другите.
4. Тоа е период кога се јавуваат бунтови и кај самите јаничари уперени против одделни султани. Јаничарите повеќе не се придржуваат за некои посебни прописи кои важеле за нив, за нивниот живот и обврски. Тие стануваат важен политички фактор и од нив почнуваат да страхуваат и самите султани.
5. Поради тешката финансиска положба и постојаните војни што ги води османската држава, таа воведува најразлични нови даноци, а старите државни даноци де-

сетократно се зголемуваат. Собирачите на даноците вршат големи злоупотреби од најразличен карактер по време на собирањето на даноците од градското и селското производително население. Не можејќи да го издржи тој товар производителното население од градовите и селата е принудено масовно да се задолжува кај разни лихвари, а како такви се најпознати во текот на XVII век вакафите.

Заемот се давал со лихва од 11 до 20% и тоа за кратки временски срокови.

Населението најчесто за да добие пари на заем било должно да ги даде во залог своите ниви, бавчи, лозја, куќи или добиток. Бидејќи најчесто селаните не биле во состојба да ги вратат позајмените пари во определениот срок, го губеле оној имот што го ставиле во залог и на таков начин кај христијанското победно население доаѓало до тотално осиромашување. Бидејќи токму во овој период се јавува чифлигарството како нов аграрен феудален систем во пазувите на класичниот тимарско-спахиски систем, а како поседници на чифлици се претежно бивши спахии-тимариоти и јаничари, добар дел од паупе ризираните селани стапуваат на работа кај чифлик-сајбиите. Оние селани што не ќе можеле да ги платат феудалните или државните обврски ги напуштаат своите родни места или пак се придружуваат кон ајдучките чети кои во втората половина марско-спихисти систем, а како поседници на чифлици се пре- од XVI век како и во XVII и во XVIII век се масовна појава во цела Македонија. Не можејќи да одговори на поставените државни и други давачки (намети) селското население почнува да преминува во ислам, бидејќи муслиманите биле ослободени од плаќање на најголемиот и најтешкиот државен данок наречен харач.

Значи една од основните причини за преминување во ислам е тешката економска положба на градското и селското население. Познато е дека исламизацијата се вршела и насилно или под притисок било од непосредните феудални господари или од органите на власта.

Исламизацијата продолжува и во наредните векови. Нужно е да се подвлечат следните моменти во врска со исламизираните Македонци или христијани. Исламизираните по градовите за разлика од оние по селата се групираат и населуваат во оние маала каде што се останатите муслимани, каде се говори турски, верските обврски и обичаи редовно се извршуваат. Целиот живот, исхрана, носија, е сообразен со муслиманската религија така што исламизираните христијани по градовите наполно се

претопуваат и асимилираат со старите муслимани-Турци. По селата процесот на исламизацијата многу ретко и мошне бавно се одвива.

Во оние села каде што исламизацијата е масовна, каде што населението било чисто христијанско т.е. македонско и каде немало колонизирани муслимани — османлии, говорниот или мајчиниот јазик си останал. Бројни навики, обичаи и верувања се зачувале, така што кај тие Македонци муслимани, иако исламот нивните прадедовци го примиле пред неколку стотици години, во својата основа се зачувал македонскиот бит, а извесни промени во исхраната, животот, облеката и слично се сосема природни штом поминале во ислам. Жителите во таквите села, а нив ги има доста, не само во Македонија, туку и кај сите балкански народи, во никој случај не можат и не смеат да се сметаат за Турци или да се наречат Турци. Уште помалку може и смее ним да им се прикачува етикета дека се, поради религијата, припадници на некоја друга народност што им е сосема туѓа во секој поглед. Македонците муслимани по своето потекло се потомци на некогашните Македонци христијани од пред неколку стотици години. Во пописните дефтери од XV и првите децении од XVI век, можеме да го видиме составот на населението во секое село и врз основа на нивните имиња и презимиња да се увериме дека тие тогаш биле навистина Македонци христијани, а оние што преминале во ислам подоцна можеме слободно да ги наречеме Македонци — муслимани или исламизирани Македонци. Земено историски и изворно сметам дека овој факт е непобитен.

Скренуваме внимание дека во некои нахии се регистрирани голем број муслимански семејства по селата, меѓутоа бројот на исламизираните е релативно мал. Таков е случајот, на пример, со Леринската нахија, Еницевардарско, Штипско, Струмичко, Дојранско и други. Во овие и некои други нахии во текот на XVI век се колонизирани голем број јуруци, преселени од Мала Азија и затоа бројот на исламизираните христијани во тие нахии во споредба со вкупниот број на регистрираните муслимани е мал.

## За јуруците

Создавањето на населби со чисто муслиманско население во текот на XV век во некои нахии во Македонија се врши по пат на колонизација на Турци-османлии. Во најголем број случаи помеѓу колонизираните муслимани се среќаваат Јуруци. Според тоа доаѓањето на јуруците се паѓа некаде во првите децении од XV век. Тоа нешто го констатиравме по пописните дефтери од XV век за Прилепска, Битолска, Леринската и Скопската нахија. Во втората половина од XV век од јуруците на

Балканот се создава посебна воена организација со разни воени, полувоени и други задолженија. Првите податоци за таа јуручка организација ги среќаваме во кануннамето на Султан Мехмед II од 1478, во кое има посебно поглавје кое гласи „закон на Јуруците“ (Kanun-i yürükân). Според тој закон јуручката организација се состоела од одреди кои подоцна се наречени „оџаци“. Секој одред имал 25 јуруци. Од нив петмина се ешкинции, а другите 20 биле јамаци. По време на војна ешкинциите биле должни да земат активно учество во неа. Старешините на одредите (оџаците) се викале черибаши. Од основните јуручки одреди се создадени крупни јуручки организации наречени „јуручки санџаци“ или „јуручки субашилаци“. На чело на јуруцките санџаци бил јуручкиот бег или субаша. Во текот на XVI век во Румелија постоеле 6 јуручки санџаци, од кои два се на територијата на Македонија и тоа Овчеполскиот и Солунскиот јуручки санџак, со седиште во Штип и Солун. Јуручките бегови му биле потчинети на румелискиот беглербег и по време на мобилизација за војна тие биле должни заедно со потчинетите старешини и ешкинциите да се вклучат во воениот поход. Масовна колонизација на јуруци во Македонија е евидентна во текот на XVI век. Во продолжение ние ќе дадеме една табела за јуруците во Македонија околу 1569 и 1570 година врз основа на податоци од опширни пописни дефтери од тоа време. Во табелата ќе бидат опфатени 19 нахии во Македонија кои во тоа време биле во склопот на Скопскиот, Солунскиот, Ќустендилскиот и Паша Санџакот.

Од табелата се гледа дека вкупниот број на регистрираните јуруци во споменатите 19 нахии е 6.866, од кои 1.466 се неженети. Најголем број јуруци се среќаваат во нахијата Серфиџе каде се регистрирани 1.179, од кои 255 неженети, потоа во Леринската нахија 891 од кои 232 неженети, понатаму следат Серската нахија со 873 од кои 300 неженети, Солунската со 837 од кои 196 неженети, Демирхисарската со 789 од кои 124 неженети, Штипската со 508 јуручки семејства итн.

По вкупниот број само на јуручките семејства редоследот би бил следниот.

1. Серфиџе со 924 семејства
2. Демирхисарската со 6,5 семејства
3. Леринската со 659 —“—
4. Солунската со 641 —“—
5. Серската со 573 —“—
6. Штипската со 508 —“—

На прво време по колонизирањето јуруците немале свое постојано местожителство и живееле како сточари — номади, менувајќи го често своето местожителство. Меѓутоа, за релативно краток временски период тие се населуваат за постојано во

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
### за јуруците во Македонија во 1569 и 1570 година

| Ред. бр. | Назив на нахијата | Бројот на јуручките семејства | Бројот на неженетите | Вкупно јуруци |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СОЛУНСКА И СИДЕРОКАПСО | 641 | 196 | 837 |
| 2. | СЕРФИЦЕ | 924 | 255 | 1.179 |
| 3. | ЛЕРИНСКА | 659 | 232 | 891 |
| 4. | ЕНИЦЕ ВАРДАР | 6 | — | 6 |
| 5. | СКОПСКА | 185 | — | 185 |
| 6. | ПРИЛЕПСКА | 140 | 10 | 150 |
| 7. | БИТОЛСКА | 80 | — | 80 |
| 8. | ТИКВЕШКА | 90 | — | 90 |
| 9. | СЕРСКА | 573 | 300 | 873 |
| 10. | НЕВРОКОПСКА | 140 | 144 | 284 |
| 11. | ДЕМИРХИСАРСКА | 665 | 124 | 789 |
| 12. | ДРАМСКА | 106 | 189 | 295 |
| 13. | КАВАЛА | 109 | 16 | 125 |
| 14. | ШТИПСКА | 508 | — | 508 |
| 15. | СТРУМИЧКА | 169 | — | 169 |
| 16. | ДОЈРАНСКА | 213 | — | 213 |
| 17. | БОЈМИЈА | 118 | — | 118 |
| 18. | ПЕТРИЧКА | 14 | — | 14 |
| 19. | КУМАНОВСКА | 60 | — | 60 |
| | ВКУПНО | 5.400 | 1.466 | 6.866 |

одделни населби и почнуваат да се занимаваат покрај со сточарство и со земјоделство. Како припадници на јуручката организација тие уживале извесни даночни олеснувања. Така, на пример, данокот за земјарина (resm-i čift) за нив изнесувал 12 акчиња годишно, додека за другата муслиманска раја изнесувал 22 акчиња. Потоа јуруците биле ослободени од разни државни даноци и други обврски поради нивните одделни јуручки задолженија.

Во пописниот дефтер не е можно сосема точно да се установи бројот на јуруците во одделни населби бидејќи тие често пати се помешани и со муслимани кои не биле јуруци, или доколку се во прашање јуруци номади, попис за нив не е даден, а е внесен само данокот наречен „resm-i duhan" (данок за привремен престој).

Турскиот научник М. Тауиб Гокбилгин има објавено посебна студија за јуруците под наслов „Rumelide Yűrűkler Tafarlar ve Evlad-i Tafilan", користејќи податоци од некои посебни посисни дефтери за јуруците.

Така, на пример, според некој попис за јуруците од 1543 година тој ни дава податоци за јуруците во Солунскиот јуручки санџак. Од Македонија во склопот на овој санџак биле јуруците од Битолско 7 (оџаци); Прилепско (13); Леринско (35); Серфиџе (33); Келмерија (35); Ениџе Вардар (2); Кукуш (Аврети Хисар (47); Струмица (28); Демирхисар (8), вкупно 208 оџаци или 5.200 јуруци.

За овчеполскиот јуручки санџак Гокбилгин располага со попис од 1566 година. Од Македонија во овој санџак биле вклучени јуруците од 4 подрачја и тоа од:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Скопско | 18 | јуручки | оџаци | |
| Кумановско и Острово | 14 | ,, | ,, | |
| Штипско | 31 | ,, | ,, | |
| Прилепско | 25 | ,, | ,, | или вкупно во сите 4 обласо 88 јуручки |

оџаци со вкупно 2.200 јуруци. Според тоа во временскиот интервал помеѓу 1544 и 1566 година, според Гокбилгин во двата јуручки санџаци имало вкупно 296 оџаци односно 7.400 јуруци.

Според нашите податоци извлечени од опширните пописни дефтери од 1569/70 година бројот на регистрираните јуруци во 19 нахии во Македонија изнесуваше 6.866, што е знак дека показателите се блиски иако се црпени од различни изворни османски документи.

Metodija Sokoloski

## A SURVEY OVER THE ETHNIC COMPOSITION OF THE TOWN AND VILLAGE POPULATION IN MACEDONIA BETWEEN XV AND XVI CENTURY

### Summary

The author of this contribution has given a survey of the composition of town and village population in Macedonia in the course of XV and XVI century on the base of Turkish original date found in the large registers (Tahrir defterleri) being kept in the Archives of the Presidium of the Government (Bashbakanlik Arsivi) of the Republic of Turkey in Istanbul, as well as in the main cadastre administration (Tapu ve Kadastro umum mudurlugu) in Ankara.

At the beginning the author of this article speaks about the colonisation of the Turks in Macedonia, the islamisation of christians, and at the end giving a short survey about the settlement of Yuruks in Macedonia.

The writer of this article also gives table surveys about the composition of town composition of town and village population in Macedonia according to nahis and in determined periods mentnoning the number of families, their nationality and the like.